РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2973/2
16-11-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава доставена од познат подносител, на 41-та седница одржана на ден 11.11.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под бр. 12-2973/1 од 03.06.2019 година на подносителот ------ --------- од -------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување по предметот со број 12 - 2973 од 2019 година.

Предметот со број 12-2973 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 2973 од 2019 година е оформен по пријава број 12 - 2973 /1 од 03.06.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), од подносителот ------ --------- од -------.

Во пријавата се изнесени наводи против судија ------- ---------- од Штип поради сомнеж за корупција и злоупотреба на службена положба на начин што го прекршила Законот за парнична постапкана РСМ, но и поради не постапување по укажувањето за сторено кривично дело кражба.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата и на приложената документација, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

- Во предметниот случај станува збор за предмет заведен пред Основен суд Штип, по поднесена тужба, од страна на подносителот на пријавата, во својство на тужител, против две физички лица по основ на надомест на штета - испуштена корист по кој овој суд донел пресуда со која тужбеното барање било одбиено како неосновано. Тужителот незадоволен од пресудата

поднел жалба по што Апелациониот суд донел Пресуда ГЖ----- од 06.09.2012 година со која жалбата била одбиена како неоснована. а првостепената пресуда била потврдена.

- На 26.11.2014 година од страна на тужителот, до Основниот суд Штип бил поднесен предлог за повторување на постапката во кој навел дека на 07.11.2014 Врховниот суд на РМ донел пресуда со која ревизијата поднесена против пресудата на Апелациониот суд била усвоена а донесената пресуда била преиначена. Од страна на Основен суд Штип преку судија --------------, на 18.05.2015 година, било донесено Решение со број ППОВ------ со кое горенаведениот предлог за повторување на постапката, се усвојува, а Пресудата П1-195/10 на Основниот суд Штип се укинува. На 26.05.2017 година, од страна на Основен суд Штип преку судија ------- -------- било донесено Решение со број ППОВ----- со кое предлогот за повторување на постапката по тужбата на подносителот, се усвојува, а Пресудата на Основниот суд Штип се укинува.

Во Основниот суд Штип, во 2019 година биле одржани две рочишта по предлогот за повторување на постапката поднесен од подносителот/тужителот за кои биле составени Записници од 18.01.2019 и од 04.03.2019 година. Во записникот од 18.01.2019 година било наведено дека тужителот останува на својата изјава од 15.04.2015 и 24.09.2015 година со дополнение на решението на Апелационен суд Штип, односно дека Решението ГЖ------- донесено од Апелационен суд Штип е незаконито и дека не можело да предизвика правни последици.

На 04.03.2019 година од страна на Основен суд Штип преку судија ------- ------- било донесено Решение со број ППОВ-3/17 со кое предлогот за повторување на постапката по тужбата П1-195/10, *не бил усвоен*, а во образложението на решението е наведено дека за конкретниот случај имало пресуда по ревизија од Врховен суд на РМ донесена во 2014 година против пресудата на Основен суд Штип од 2013 година, која била потврдена со пресуда од Апелационен суд истата година, а со која постапката, по тужбата на тужителот во која бил поднесен предметниот предлог за повторување на постапката, била правосилно завршена, а ова барање за повторување на постапката било поднесено врз основа на одлука донесена во друг предмет па дадената препорака била неприменлива .

- Од страна на подносителот во својство на тужител, кој не бил задоволен од донесеното Решение со број ППОВ-3/17, на 10.05.2019 година преку основниот до Апелациониот суд била поднесена Жалба, како и Барање до Претседателот на Апелациониот Суд Штип, за изземање на судии во предметната постапка.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за наводи по прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за кои Државната комисија нема обврска, ниту е во можност да се произнесува, поради немање процесна легитимација, не може да бара преиначување на одлуки донесени во судските постапки или да бара да се донесуваат нови одлуки.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Му се укажува на подносителот на пријавата во врска со предметните наводи да се обрати до Судскиот совет на РСМ, како надлежен орган за утврдување одговорност кај судиите.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, доставената пријава да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 ноември 2020 година под бр. 12- 2973/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член на ДКСК